

Една од карактеристиките на младоста е затегната и витална кожа, полна со живот и свежина. Но со текот на годините, кожата ја губи виталноста и еластичноста, а за овој проблем специјалистите по естетска хирургија најдоа едноставно решение со аплицирање на специјално обработени масни клетки во пределот на лицето

# Подмладување со липофилинг

Масните клетки имаат способност повторно да ја вратат виталноста на кожата. Предноста на липофилингот е во начинот на земање на масното ткиво од одреден дел од телото, најчесто стомакот, и враќање на обработената содржина во друг дел од телото. Масното ткиво се вади внимателно со мали и специјални канили под негативен притисок, а потоа се центрифугира и се вбризгува во деловите на лицето каде е потребна корекција. За тоа кој е идеален кандидат за липофилинг, кога и како се прави, објаснува д-р Илија Мостров, специјалист по пластична и реконструктивна хирургија во Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

## Кога се применува оваа метода?

- Идеални кандидати за оваа интервенција се луѓето на возраст помеѓу 35 и 55 години кои имаат вдлабнатини во пределот на лицето или асиметрија, лузни, ситни или длабоки брчки околу очите, челото, дупчиња и вдлабнатини во образите или носот. Липофилингот се користи и за пополнување усни. Со масни клетки се пополнуваат и браздите во пределот на усните и јаболчиците. Оваа метода има предност пред останатите бидејќи естетската корекција се врши со помош на сопствено масно ткиво, па се намалува можна компликација од реакција на туѓо тело. Чести кандидати за оваа интервенција се и луѓето кои доживеале сообраќајна несреќа, кои имаат лузни од изгореници, од повреда или имале некаква хируршка интервенција во пределот на лицето.

## Кои подготовки претходат?

Пред да се направи липофилинг неопходна е консултација со лекар за да се направи процена за видливите знаци на стареење, карактеристичните црти на лицето, моменталната здравствена состојба, како и за претходните операции и интервенции. Лекарот ќе ве праша и за тоа дали сте алергични на одреден лек. Она што е особено важно е вашиот критериум и очекувања да бидат усогласени со оние на специјалистот.

## Како се изведува интервенцијата?

Интервенцијата се одвива со општа или локална анестезија. Одреден дел од инјектираните масни клетки се апсорбираат, па затоа се става поголемо количество од потребното. Резултатите се видливи веднаш, а компликациите од оваа интервенција се многу ретки. Единствено во првите 24 часа може да се појават мали отоци.■